Врз основа на член 13, став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18) ,член 5, став 1 и член 6, став 4 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци за други услуги на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година и бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, Државниот испитен центар Скопје распишува:

**ПОВТОРЕН ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на надворешни соработници–оценувачи**

**Државниот испитен центар Скопје распишува повторен јавен конкурс за избор на надворешни соработници – оценувачи на тестови од екстерниот дел на државната матура во учебната 2023/2024 година, по предметите:**

- **Турски јазик и литература – 2 (два) оценувачи;**
- **Англиски јазик – 10 (десет) оценувачи;**
- **Француски јазик – 1 (еден) оценувачи.**

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет во основните или средните училишта во Република Северна Македонија;
- да имаат најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.

**Кандидатите задолжително ја доставуват следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на следните веб-страници www.matura.gov.mk и www.dic.edu.мк);
- копија од уверението/дипломата за завршени соодветни академски студии од прв циклус, заверена на нотар;
- потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 (три) години како наставник од соодветниот наставен предмет во основните или средните училишта во Република Северна Македонија, во оригинал или во копија заверена на нотар.

За кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови Државниот испитен центар Скопје ќе организира обука, по што ќе следи проверка на способноста и прецизноста на кандидатите при оценувањето на одговори/решенија на учениците.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

За оценување на тестовите од екстерниот дел на државаната матура Центарот избира оценувачи од редот на наставниците во средните училишта кои реализираат настава по предметот што се оценува. По исклучок, доколку за оценувач не може да се обезбеди наставник од средно училиште, се определува наставник од основно училиште, со завршено високо образование и кој реализира настава по предметот што се оценува.

Изборот на надворешни соработници - оценувачи се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар.

Кандидатите кои ќе бидат избрани за надворешени соработници – оценувачи ќе бидат ангажирани заклучно со 30.09.2024 година.

Конкурсот трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето.

Пополнетата пријава со потребната документација се доставува во архивата на Државниот испитен центар Скопје или со препорачана поштенска пратка, или со брза пошта на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „За јавен конкурс за надворешни соработници – оценувачи за предметот ...“( се наведува предметот за чие оценување се пријавуваат кандидатите).

Нема да бидат разгледувани следниве пријави:

- пријавите доставени по истекот на предвидениот рок;
- нецелосно пополнетите пријави;
- пријавите кон кои не е доставена предвидената документација.

Дополнителни информации за конкурсот можат да се добијат на телефонскиот број 076 48 47 42, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ